## Ученици кои учеа во Школото во Лешок, напишаа книги и написи за Лешок

Ние, учениците од Лешок, имавме голема среќа во основното училиште да имаме прекрсни учителки, од кои добивме солидно образование и воспитание и скоро сите ученици кога пораснавме во нашите професии и во нашиот приватен и семеен живот се формиравме како добри граѓани на нашата држава Република Македонија.
Од Лешочката школа излегоа многу образовани кадри од разни области и дејности и со оглед на бројноста на населението во втората половина на 20-от век, Лешок има најголем процент на образовани лица во Тетовско, а можеби и во Македонија. Така, од Лешок има преку 20 економисти, преку 15 медицински лица, преку 10 правници и т.н., но, најповеќе (преку 46 лица) се предавачи во образованието и во други области, како учители, наставници, професори, предавачи на семинари, советувања и сл.

Од образовниот кадар, кои учеа во Лешочкото училиште, 4 лица се професори на факултет, 10 лица се професори во средно образование (гимназија, средно економско и др.), 4 лица се предавачи на семинари, советувања, симпозиуми и др. во одредени области (финансии, даноци, фотографирање и др.), и останатите 28 лица се учители и наставници во основно и во осмолетка.
Во книгата Мојата Генерација ученици 1949/50 од Лешок изготвив Список на преку 50 учители, професори, предавачи родени во Лешок и дојдени од други места, како и преку 20 економисти, кои учеле во Лешок во основното училиште Кирил Пејчинович. Види, ( Р. бр. 63 и 69, стр. 96 -98).
Може слободно да речеме дека Лешок е село на УЧЕНИ.
Преку 16 деца кои учевме во Лешок, напишавме и денес пишувавме текстови во книги, часописи, списанија и други медиум, секако секој на свој начин во својата дејност, а неколку лица пишувавме текстови или книги, кои се однесуваат на разни тематики од Лешок.
Деца родени во Лешок и кои учеле во училиштето во Лешок и кои пишуваат книги и други публикации, мене ми се познати 10 лица и тоа:
Петрушевски Николов Илија од Ќапункооj, Спироски Трпов Живко од Лалошооj, Спироски Живков Митко од Лалошооj, проф. Момировски Петрев Борис од Момирооj, протојереј ставрофор Ристовски Пецов Стојче од Петреej, д-р, проф. Спироски Живков Мирко од Лалошооj, Ивановски Иванов Борислав од Костадинооj, асс. Аврамовски Симов Мирко од Кашамееj, Младен Костев Мисајловски од Дабоќееj и Стојче Филиповски од Такарооj.
Има повеќе лица кои не се родени во Лешок, кои се автори на книги и други дела, кои учеле во училиштето во Лешок, ќе ги споменам следните 5 автори:
Д-р Методија Ст. Тошевски, Ранци, Каљарско, Егејска Македонија, д-р проф. Стојче Ст. Тошевски, Ранци, Каљарско, Егејска Македонија, Карикатурист Ане Стамев Василевски, Брезно, Лешок, Ѓорче Петров, д-р проф. Богомир (Боге) Блажев Војноски, Слатина, Скопје, Елица Ст. Тошевска, Ранци и др.
Методија, Стојче и Јелица Тошевски, се деца бегалци, од село Ранци, Каљарско, Егејска Македонија, кои дојдоа 1949 година во Лешок, поради Граѓанската војна во Грција, Види, книги Ровја и Јаска од Методија Тошевски ( извор: Р.бр. 58 ).

Во 1990 година, во издание на Македонска книга, Скопје, под име Митко Спироски - Лешочки ја објавив првата и сеопфатна книга за данокот на промет во Македонија, под наслов: Прирачник за данок на промет на производи и услуги во Македонија.




Митко Спироски-Лешочки, Прирачник за данок на промет на Македонија, 1990, Македонска Книга и 1991, Ким Консалтинг, Скопје

Подолу давам портрети на четири ученици родени во Лешок (Илија, Митко, Борис и Живко), кои напишаа и публикуваа книги со теми за родното село Лешок, а петтиот ученик (Илија Јастревски) напиша книга во 2021 година, но, сеуште не е публикувана и со Господ напред се надевам наскоро ќе се публикува.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |
| Илија Н. Петрушевски -Ќапунка ( 1942 - ) | Митко Ж. Спироски- Лешочки ( 1949 - ) | Борис П. Мимировски- Лешанин ( 1942 - ) | Живко Т. Спироски (1924 - 2007) | Илија М. Јастревски ( 1925 - 2022) |

Учениците кои се родени и се школуваа во Лешок, кога пораснаа почнаа да пишуваат текстови и книги за своето родно село Лешок.
Овие 6 лица лица- ученици родени и школувани во Лешок пишуваат книги и текстови со тематика за Лешок (за родовите, топоними, преданија, народни песни, традиции, верски празници, за црковните училишта, просветата, образованието, учителите и учениците, за фотографиите, за војните, за комуналниот, стопанскиот, спортскиот, културниот и духовниот живот) и тоа:
Петрушевски Никола Илија, Спироски Живко Митко, Момировски Петре Борис, Спироски Трпко Живко, Мисајловски Косте Младен, Филиповски Круме Стојче и Јастревски Мито Илија. До 2019 година беа напишани вкупно **тринаесет (13)** книги или текстови, кои се однесуваат на теми во кои доминира родното село Лешок, во 2020 и 2022 година се објавија **три (3)** книги, а до јуни 2024 година, се напишаа уште **четири (4)** книги, што е **вкупно 20 книги** со тематика од Лешок.
**Прв** текст, односно книга за селото Лешок и Лешочкиот манастир, е книгата: Лешочкиот поменик, на црковен старосовенски јазик, напишана во втората половина на 20 век, од страна на три ученици ( монаси) на јеромонахот Кирил Пејчиновиќ. Еден од монасите кој го пишувал Лешочкиот поменик, бил и запишувачот, монахот Петроние (Петре), роден брат на јереј Онуфрие ( поп Онче) од родот Лалошои од Лешок. Од свештеничиот род Лалошои од Лешок, кој пред тоа гоословувале и како род Глајнооj, во Лешочкиот поменик се споменати како спомагатели 18 имиња ( Никанор, јереј Онуфрие, монахот Петроние, Левко, јереј Китан, јереј Симеон, Дамијан, Димитриа, Аврам, меанџија Паун и др. ), за што имам напишано посебен текст ( Р. бр. 1, стр. 166 - 183), а истото може

да се види и потврди и на стр. 45, 47, 67, 85, 104 и 105, 106 и 107, 110 и 111, 117,119, 135 и др. од книгата Лешочкиот манастирски помени од 2010 год. од Илија Петрушевски и Борис Момировски- Лешанин. Види, (Р. бр. 1, 23 и 46 ).



Извадоци од Лешочкиот поменик, во кои се споменуваат јереј Онуфрие, јереј Китан, јереј, Симеон, Петроние, меанџија Паун, Аврам, Дамијан и др. од родот Лалошои, Лешок ( Р.бр. 1, 23 и 46)

**Прва** книга за селото Лешок, односно Лешек, во која има поширок приказ на селото, напишана на современ македонски литературен јазик, ја има напишано Илија Петрушевски од Лешок, во 1979 година, (124 стр.), и истата носи наслов: ЛЕШЕК,- историско- географски-етнолошки приказ.

Значи, **прв автор** од Лешок, на **првата книга за Лешок**, напишана на македонски јазик е **Илија Петрушевски**, кој има потекло по мајка му Бора, баба му Миљана и дедо му Тоде од родот Лалошои од Лешок ( Р. бр. 11).

**Втора** книга за селото Лешок и Лешочкиот манастир е книгата: Лешочкиот манастирски комплекс, напишана од авторите, Илија Петрушевски и Бранислав Светозаревиќ, издадена од МПЦ, (196 стр.), 2001 (извор: ред. бр.21).

**Трета** книга за селото Лешок, во која сега многу повеќе се обработени поглавија за селото Лешок, ја има напишано Илија Петрушевски во 2004 година, (379 стр.), и истата носи наслов: ЛЕШОК ( ред. бр. 12).

**Четворта** книга за селото Лешок, е книгата под наслов: ЛЕШОК И СОСЕДНИТЕ СЕЛА ( материјална и духовна култура), напишана од 5 лица од Лешок и тоа: Митко Спироски, Илија Петрушевски, Младен Мисајловски, Борис Момировски и Стојче Филиповски, (229 стр.), Лешок, 2005, издавач,Здружението ЛЕШОК, Скопје (Р. бр. 8 ).

**Петта** книга за селото Лешок е книгата во која целосно се обработува свештеничката фамилија и род Спироски-Онуфриевски-Лалошои…од Лешок, ја има напишано Митко Поп Спироски, (949 стр. ), издадена, Лешок, 2009 година. Книгата носи наслов: Поповската фамилија и род СПИРОСКИ ( Онуфриевски- Лалошои- Главионои- Византијци) од Лешок, Македонија. Ова е **прва електронска книга на ЦД диск** напишана од Митко Спироски и се однесува **за семејното стебло на фамилијата и род Спироски односно Лалошои…од Лешок** и **прва електронска книга на ЦД диск, во Лешок и Македонија на која има музика во МП-3 ( народни песни и компјутерска-електронска музика)**, потоа текстови, фотографии и може да се слуша музиката на компјутер (извор: ред. бр.1 ).

**Шеста** книга за селото Лешок е **електронската книга на ЦД диск,** под наслов: ЛЕШОК, Македонија- 60 Години спорт ( фудбал, одбојка и др), од авторот Митко

Жифкоф Спироски, (412 стр.), издадена, Лешок, 2010 год. Ова е **прва книга** која целосно е посветена на **спортот** во Лешок (извор: ред.бр. 3).
**Седма** книга за селото Лешок и Полог е **прва електронската книга на ЦД диск**, под наслов: Македонски народни песни од Полог, Македонија, автор Митко Спироски - Лешочки, (360 стр.), издадена, Лешок, 2010 год. (извор: ред. р. 2).
**Осма** книга за селото Лешок е **електронската книга на ЦД диск**, под наслов: Родот Лалошои од Лешок, Македонија, од авторот Спироски Трпов Живко, публикувана по неговата смрт, а ја припреми и издаде неговиот син Митко Спироски, (180 стр.), издадена, Лешок, 2010 ( извор: ред.бр.4).
**Деветта** книга за селото Лешок и Лешочкиот манастир е книгата: Лешочкиот манастирски поменик, напишана од авторите, Илија Петрушевски и Борис Момировски, издадена 2010 г.( извор: ред. бр. 23).
**Десетта** книга- дигитална елсктронска книга на ЦД диск, во мај 2012 година, Јас, Митко Спироски, припремав второ дигитално електронско издавие на ЦД диск на книгата под наслов: ЛЕШОК И СОСЕДНИТЕ СЕЛА ( материјална и духовна култура), (230 стр.), издавач Здружението Лешок,Скопје, 2005, (извор: ред. бр.66).
**Единасетта** книга која се однесува за селото Лешок е книгата песни: Средби со времето, која ја објави авторот Борис П. Момировски Лешанин во 2014 година. Ова е **прва** книга на **песни** целосно посветени на Лешок (извор: ред. бр. 67).

| | | | |
|---|---|---|---|
|  |  |  |  |
| 1. Лешок, 1979, | 2. Лешок, 2001, | 3. Лешок, 2004, | 4. Лешок, 2005, |
|  |  |  |  |
| 5. Лешок, 2009, | 6. Лешок, 2010, | 7. Лешок, 2010, | 8. Лешок, 2010, |
|  |  |  |  |
| 9. Лешок, 2010, | 10. Лешок, 2012, | 11. Лешок, 2014, | 12. Лешок, 2019, |

| | | | |
|---|---|---|---|
|  |  |  |  |
| 13. Лешок, 2019, | 14. Лешок, 2020, | 15. Лешок, 2020, | 16. Лешок,2022, |
|  |  |  |  |
| 17. Лешок,2024 | 18. Лешок,2024 | 19. Лешок, 2024 | 20. Лешок-Риека, 2024 |

**Дванаесетта** книга за селото Лешок е книгата **во хартија** под наслов, Мојата Генерација ученици 1949/50 од Лешок, Македонија, од авторот Митко Поп Спироски, сопствено издание, (203 стр.), Лешок, 2019 година (извор: ред. бр. 63 ).

**Тринаесетта** книга за селото Лешок е книгата во ЦД Диск електронско издание, Мојата Генерација ученици 1949/50 од Лешок, Македонија, од авторот Митко Поп Спироски, сопствено издание, (203 стр.), Лешок, 2019 (извор: Р. бр. 69 ).

Подолу ги давам насловните страни -кориците на 3-те нови книги за Лешок, издадени во 2020 и 2022 година во Лешок.

**Четиринаесетта** книга за селото Лешок, е книгата **во хартија** под наслов: Лешок од Македонија во фотографии, од авторот Митко Спироски Лешочки, (255 стр.), се публикува во Лешок, 2020 година (извор: ред. бр. 5) .

**Петнаесетта** книга за селото Лешок, е книгата на **ЦД Диск електронско издание**, под наслов: Лешок од Македонија во фотографии, од авторот Митко Спироски Лешочки, (355 стр.), а истата се публикува во Лешок, 2020 год. (извор: ред. бр. 78 ) .

**Шеснаесетта** книга за селото Лешок, **е хартиената** книга: Лешаните и Лешочкиот манастир за историјата на Македонија и Македонците, од авторите Илија Петрушевски и Митко Поп Спироски, (148 стр.), печатена, Тетово-Лешек, август, 2022 година, (извор: ред. бр. 81 ). http://spiroski.com.mk/library/

**Седумнаесетта** книга во хартија под наслов: Речник на зборови говорени во Лешок, Македонија -Лешочки говор (**Љешечки гоор**), автор, Митко Поп Спироски, Сопствено издание, (320 стр.), Лешок, 2024, (извор: ред. бр. 83 ) . http://spiroski.com.mk/library/

**Осумнаесетта** книга под наслов: Речник на зборови говорени во Лешок, Македонија - Лешочки говор (**Љешечки гоор**) - Енциклопедиски речник со над 3750 зборови и над 750

фотографии, Сопствено **Електронско** издание на УСБ, Лешок, Март, 2024, автор, Митко Поп Спироски, (320 стр.), Лешок, 2024, (извор: ред. бр. 95 ) . http://spiroski.com.mk/library/

**Деветнаесетта** книга во хартија под наслов: Генерација ученици 1949/50, во училиштата и Гимназија Кирил Пејчиновиќ (Лешок, Теарце и Тетово) од авторот Митко Поп Спироски, Сопствено издание, (184 стр. ), Лешок, 2024, (извор: ред. бр. 64). http://spiroski.com.mk/library/
**Дваесетта** книга во хартија под наслов: Монографска приказна за потеклото, развитокот и животот на фамилијата од Јасрета од Лешок, Македонија, од авторот Илија Јастревски, уредник и издавач Митко Спироски, Сопствено издание-(постхумно), (202 стр.), Лешок-Риека 2024, (извор: ред. бр. 64). http://spiroski.com.mk/library/

Незванично сум известен и очекувам во 2024 година да се објават уште две - три книги од Лешани и со содржина од Лешок.

Од школата во Лешок има повеќе од 20 лица дипломирни економисти кои работеа во фирми и институции и имаа значајни и одговорни функции. Ќе издвојам 3 лица, кои се родени во Лешок и кои се професори во средно економско училиште и гимназија: Олга Тодороа Поповска м. Минчева, Делко Ѓоков Глигоровски и Томе Тодев Ѓорѓевски. Види, ( Р. бр. 63 и 69, стр. 96 -104).
Четири (4) лица се родени или учечеле во Лешок, еден е предавач на Економски факултет, Скопје и тројца се предавачи на советувања, семинари и пишуваат текстови за финасиска, сметководствена, даночна и друга економска проблематика: Мирко Аврамовски, роден 1939 во Лешок, потоа, Борислав Ивановски, роден,1936, во Лешок и Митко Спироски, роден 1949 во Лешок и Методија Тошевски,(1941 - 2015), роден во Ранци, Каларско, Егејска Македонија, а учеше во Лешок.

|  |  |  |  |
|---|---|---|---|
| Мирко Аврамовски | Борислав Ивановски | Методија Тошевски | Митко Спироски |

Можеби има и други лица со потекло од Лешок, или кои учеле во Лешок, кои пишуваат со тематика за Лешок или за економска и финансиска проблематика, но, јас во овој момент не познавам.

Повеќето од горе споменатите книги во ПДФ Формат, може да ги преземете од Веб Сајтот: http://spiroski.com.mk/library/